Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-60/5
Датум: 10-02-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-329 од 22.12.2021 година, поднесена од страна на [redacted] преку полномошник адвокат [redacted], против ООУ „Јонче Смугрески“ во с. Обршани – Општина Кривогаштани, Општина Прилеп и Општина Кривогаштани, за извршена дискриминација врз основа на физичка попреченост, во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.258/2020 од 30.10.2020 година), на 04.02.2022 го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА**, врз основа на физичка попреченост, во областа на работа и работни односи од страна на ООУ „Јонче Смугрески“ во с. Обршани – Општина Кривогаштани кон лицето [redacted], вработена во ООУ „Јонче Смугрески“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-329 од 22.12.2021 година, од подносителот полномошник адвокат [redacted] од Прилеп за лицето [redacted], за сторена дискриминација врз основа на физичка попреченост во областа на работа и работни односи од страна на ООУ „Јонче Смугрески“ во с. Обршани – Општина Кривогаштани, Општина Прилеп и Општина Кривогаштани.

Согласно наводите од претставката, лицето [redacted] е вработена како одделенски наставник во ООУ „Јонче Смугрески“ во с. Обршани, Општина Кривогаштани и е лице со вродена физичка попреченост и намалена работна способност од 50%. Согласно природата на попреченоста, подносителката не може да извршува работни задачи поврзани со тежок физички напор, долго одење и седење во принудна положба. За ваквите тврдења подносителката доставува наод, оценка и мислење за намалување на работната способност за 50% од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во претставката е наведено дека подносителката се обратила до Министерството за образование и наука и ја доставила целокупната потребна медицинска документација, со барање да се изврши нејзина прераспределба на ново работно место, согласно нејзината здравствена состојба. За ваквото барање биле известени двете локални самоуправи – Општина Прилеп, во која подносителката живее и Општина Кривогаштани, во која подносителката работи.

Дополнително, во претставката е наведено дека од страна на Општина Кривогаштани до МОН, на ден 07.08.2018 година е поднесено Барање за согласност за финансирање на ново работно место – архивар во ООУ „Јонче Смугрески“, каде што подносителката работи. Исто

така, во претставката е наведено дека основното училиште на ден 17.08.2018 година, поднело Барање за согласност за финансирање на ново работно место – архивар до МОН, со цел постапување по Известување од ПИОМ, но и поради наоѓање на решение за проблемот на подносителката. На крај, во претставката е наведено дека подносителката на ден 12.07.2021 година поднела Барање за преземање до Општина Прилеп и преместување на соодветно работно место, согласно нејзината работна способност.

Имајќи ги во предвид ваквите наоди, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24 став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.12.2021 година испрати Известувања за произнесување кон наводите од претставката до ООУ „Јонче Смугрески" во с. Обршани – Општина Кривогаштани, Општина Прилеп и Општина Кривогаштани, како потенцијални дискриминатори.

На ден 30.12.2021 година, во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор од страна на ООУ „Јонче Смугрески" во с. Обршани – Општина Кривогаштани, во однос на произнесување кон претставката. Во истиот е наведено дека на ден 17.08.2018 година, училиштето започнало со постапка за добивање на согласност за финансирање на ново работно место – архивар, преку локалната самоуправа Кривогаштани до МОН, со цел постапување по Известувањето од ПИОМ за работната способност на подносителката Билјана Наумоска. Исто така, во одговорот на претставката е наведено дека во однос на барањето за преземање поднесено до Општина Прилеп, училиштето нема надлежност да постапи. Според наведеното, ООУ „Јонче Смугрески" ги презело сите неопходни мерки за решавање на ситуацијата во која се наоѓа подносителката на претставката.

На ден 03.01.2022 година, во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на претставката од страна на Општина Прилеп. Во одговорот е потенцирано дека во конкретниот случај не може да се утврди дека општината извршила дискриминација, поради тоа што се работи за лице вработено во училиште кое е под надлежност на Општина Кривогаштани.

На ден 22.12.2021 година, во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на претставката од страна на Општина Кривогаштани. Во одговорот е наведено дека преку Општина Кривогаштани, на ден 17.08.2018 година било поднесено барање од страна на работодавачот на подносителката на претставката ООУ „Јонче Смугрески", за добивање согласност за креирање на ново работно место архивар во ООУ „Јонче Смугрески", во с. Обршани – Општина Кривогаштани. Постапката за добивање на согласност за креирање на работното место архивар е сеуште во тек. По добивање на согласност од страна на МОН, во одговорот се тврди дека ќе се изврши преместување на [redacted] на работно место архивар во училиштето.

Дополнително, со цел разјаснување на околностите и фактите врз кои се темели одговорот на претставката доставен од Општина Кривогаштани, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 26.01.2022 година испрати барање заведено под архивски број

08-60/1, за дополнување на одговорот на претставката. Во барањето, Комисијата побара да биде известена за исходот на барањето за согласност за финансирање на ново работно место архивар во ООУ „Јонче Смугрески", односно дали барањето бр.03-137/1 поднесено преку Општина Кривогаштани е одобрено од страна на Министерството за образование и наука. Исто така, во случај барањето да не било одобрено, Комисијата побара доставување на информација дали по таков евентуален исход Општина Кривогаштани поднела ново барање за согласност за финансирање на ново работно место архивар и решавање на проблемот на подносителката [redacted].

Дополнувањето на одговорот на претставката од страна на Општина Кривогаштани пристигна во архивата на Комисијата на ден 02.02.2022 година. Во однос на побараните информации за комплетирање на фактичката состојба, во дополнувањето на одговорот е наведено дека општината не добила одговор од страна на МОН, по однос на барањето за финансирање на ново работно место архивар. Бидејќи одговор сеуште не бил добиен, Општина Кривогаштани во учебната 2021/2022 година поднела ново барање за финансирање на друго работно место – библиотекар, на кое би можела да биде прераспределена подносителката на претставката, за што достави и писмен доказ. Во однос на новото барање, исто така не бил добиен одговор од страна на МОН. Општината Кривогаштани во дополнувањето на одговорот појаснува дека барањата за согласности за ново финансирање се доставуваат во рок утврден од Министерството за образование и наука, а не во текот на целата учебна година. Доколку подносителот на барањето за согласности за ново финансирање не добие одговор во текот на учебната година, тоа значи дека не е одобрено барањето од страна на Министерството за образование и наука.

Од наводите од претставката, доказите кон претставката, доставените поднесоци за произнесување од потенцијалните дискриминатори и доказите кон нив, може да се заклучи дека биле преземени сите активности кои се во надлежност на Општина Кривогаштани, за соодветно приспособување и прераспределување на подносителката на работно место соодветно за нејзиното образование, стручна подготовка и работна способност, во смисла да поднесување барање за барање за финансирање на друго работно место – библиотекар, па оттука општината Кривогаштани не извршила дискриминација врз основа на попреченост во област на работни односи. Општина Прилеп во конкретниот случај не може да се јави како потенцијален дискриминатор бидејќи подносителката е вработена во училиште кое спаѓа под надлежност на Општина Кривогаштани.

Од друга страна, ООУ „Јонче Смугрески" од с. Обршани, не ги презело сите мерки кои се во надлежност на училиштето за да и овозможи на подносителката прераспределба на работно место кое соодветствува на нејзиното образование и намалената работна способност, согласно наодот, проценката и мислењето на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, со што извршило директна дискриминација врз основа на попреченост во работни односи.

Имено, согласно чл. 43 од Законот за вработување на вработените во јавниот сектор, вработениот во јавниот сектор, на негово барање или по потреба на институцијата, може да биде трајно распореден на друго работно место на исто ниво, односно на работно место

за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, за што раководното лице на институцијата носи решение за негово распоредување во институцијата. Ваквото прераспределување не носи дополнителни финансиски импликации за институцијата во која е вработено лицето.

Согласно чл. 28а од Законот за работни односи, измените на договорот за вработување можат да бидат предложени од страна на работодавачот или работникот, а истите се вршат со анекс на договор за вработување.

Член 4, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација дефинира дека соодветно приспособување е неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Оневозможувањето на соодветно приспособување е дискриминација. Согласно ваквите одредби сите државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, правни лица со јавни овластувања и сите други правни и физички лица имаат обврска да извршат соодветно приспособување на условите за работа, за сите лица со попреченост во зависност од видот и степенот на попреченост.

Согласно чл. 27, ст. 1 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, земјите потписнички ги признаваат правата за работа на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите; овде е вклучено правото на можност за заработка за живот преку слободен избор и прифаќање на работа на пазарот за труд и работна средина која е отворена, вклучена и прифатлива за лицата со попреченост . Земјите потписнички го штитат и промовираат остварувањето на правото на работа, вклучувајќи ги и оние кои се здобиле со попреченост во текот на вработувањето, преку преземање соодветни чекори, а особено преку законодавство во однос на, меѓу другото:

- Забрана на дискриминација врз основа на попреченост во однос на сите проблематики поврзани со сите форми на вработување, вклучено и условите за регрутирање, најмување и вработување, траењето на вработувањето, унапредување во кариерата и безбедни и здрави услови на работа;
- Заштита на правата на лицата со попреченост , на еднаква основа со другите, на оправдани и поволни услови на работа, вклучувајќи и еднакви можности и плати за еднакво вредна работа, безбедни и здрави услови за работа, вклучувајќи и заштита од малтретирање и отстранување на причините за поплаки;
- Обезбедување дека лицата со попреченост можат да ги остварат своите работнички и синдикални трудови права на еднаква основа со другите;
- Обезбедување на лицата со попреченост да имаат ефикасен пристап до општите програми за техничко и професионално насочување, услуги за распоредување и стручни и континуирани обуки;
- Промовирање на можностите за вработување и унапредување во кариерата на лицата со попреченост на пазарот за труд, како и помош во барањето, добивањето, одржувањето и враќањето на работа;

- Промовирање на можности за самовработување, претприемништво, развој на заеднички и започнување на сопствена дејност;
- Вработување на лицата со попреченост во јавниот сектор;
- Промовирање на вработувањето на лицата со попреченост во приватниот сектор преку соодветни политики и мерки, вклучено и афирмативни акциски програми, поттик и други мерки;
- Обезбедување на соодветно приспособување на работните места на лицата со попреченост.
- Промовирање на здобивањето со работно искуство на отворениот пазар на труд од страна на лицата со попреченост ;
- Промовирање на стручна и професионална рехабилитација, задржување на работата и програми за враќање на работа за лицата со попреченост .

Постапувајќи по член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ "Јонче Смугрески" од с. Обршани да изврши прераспределување на работно место кое соодветствува на нејзиното образование и намалената работна способност, согласно наодот, проценката и мислењето на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување **во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и препорака и за тоа писмено да ја извести Комисијата.**

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
10.02.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:

[redacted]
2. Општина Кривогаштани, со адреса на ул. „Филип Втори" бр. 84
3. ООУ „Јонче Смугрески", во с. Обршани, Општина Кривогаштани
4. Општина Прилеп со адреса на ул. „Прилепски бранители" бб., Прилеп